# ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР

## 1. ЗДРАВСТВЕНИ ПОДАТОЦИ

**Податоците што се однесуваат на твоето здравје се посебни категории ЛИЧНИ податоци**

**Пример:** податоци за анамнеза, дијагноза, прогноза, медицинскиот третман, крвна група, податоци кои имаат блиска врска со здравјето на поединецот

## 2. ТВОИТЕ ПРАВА КАКО СУБЈЕКТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

### 2.1. Имаш право да бидеш ИНФОРМИРАН

- **КОЈ е називот на контролорот кој ги обработува твоите лични податоци**

**Пример:** Која здравствена установа, лекарска ординација, Фонд за здравство, институт, клиника, лабораторија итн.

- **КОИ податоци за тебе се обработуваат**
- **за КОЈА ЦЕЛ се обработуваат твоите податоците за здравјето**

**Пример:** За медицинска превенција, лекување, управување со здравствена установа, истражувачки цели итн.

- **На КОИ корисници може да му се дадат на користење твоите лични податоци, за да извршат одредени работи и надлежности кои им се утврдени со одреден закон**

**Пример:** Законска обврска е здравствените установи да доставуваат лични податоци на лицата при појава на одредени болести, за да ги користи Републички завод за здравствена заштита за своите надлежности




### 2.2. Право на ПРИСТАП

- Имаш право на увид во твоето медицинското досие и извод или копија од податоците и документите на свој трошок
- Да добиеш појаснување на податоците

**Пример:** Можеш да добиеш увид и копија од историја на болест, анализа, наод, медицински извештај и секој податок кој се однесува на твоето здравје

### 2.3. Што значи ПРАВОТО на ИСПРАВКА

- право да бараш **твоите лични податоци да се дополнат, изменат, и избришат** ако се нецелосни, неточни и неажурни

Податоците во медицинското досие се ажурираат на начин што при внес на нови податоци да може да се утврдат првично внесените податоци

### 2.4. Право на ДОВЕРЛИВОСТ

**Пациентот има право на тајност на податоците и по неговата смрт**



По смртта на пациентот, **освен ако за време на животот изречно тоа не го забранил,** право на увид во медицинското досие има неговиот брачен или вонбрачен другар, полнолетно дете, родител, полнолетен брат и сестра, законски застапник односно старател

## 3. ОТКРИВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПОДАТОЦИ

### Кога твоите податоците може да бидат ОТКРИЕНИ?

- **ако дадеш писмена согласност**

Се претпоставува дека пациентот се согласил да се откријат податоци за неговото здравје на друг здравствен работник или установа што продолжува да му укажува здравствена заштита

- **заради медицинска интервенција на пациентот во друга установа**

**Твоите податоци може да бидат откриени и да се искористат за научни, истражувачки и едукативни цели ако :**

- дадеш писмена, датирана и потпишана согласност
- ако неможе да се открие твојот идентитет на друг начин

## 4. РОК НА ЧУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

### Колку време се чуваат твоите податоци за здравјето?

Личните податоци не треба да се чуваат подолго од што е потребно да се исполнат целите поради кои се собрани.

Во здравствените установи основната медицинска документација се чува 15 години од последниот внес на податоци. Здравствениот картон и историја на болеста се чува 15 години по смртта на болниот.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА ТВОЕТО ЗДРАВЈЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО




По извршениот систематски преглед, резултатите од секој преглед во затворен коверт треба да ти се достават лично, а не на работодавачот.

Работодавачот единствено треба да биде информиран дали си работоспособен.

Лекарската белешка за отсуство која ја доставуваш до работодавецот поради боледување не треба да содржи податоци за твојата болест, дијагноза и медицински третман.

**Доколку сметаш дека постои повреда на твоите права или доколку сакаш да пријавиш случаи на повреда на Законот за заштита на личните податоци, обрати се до Дирекцијата за заштита на личните податоци**

---

## Контакт:

**Дирекцијата за заштита на личните податоци**

ул. „Самоилова“ бр. 10 Скопје
**Тел. +389 2 3244 760**

**E-mail: nadzor@dzlp.mk;**

**pravni.raboti@dzlp.mk**

**http://www.dzlp.mk/**